Macedonian

# Што е шизофренија?

## (What is schizophrenia?)



# Што е шизофренија?

Лице кое има шизофренија вообичено доживува промени во однесувањето и сфаќањето, како и растроено размислување кое може да го искровоколчи неговото чувство за реалност.  Ова е познато како психоза.

Шизофренијата е ментална болест, која се поврзува со јавна осуда и погрешни информации.  Ова често го зголемува страдањето на лицето и неговото/нејзиното семејство.

Шизофренијата обично се јавува за првпат кога луѓето се на возраст меѓу 15 и 25 години, иако таа може да се јави и подоцна во животот.  Од шизофренија заболува  околу еден процент од населението воопшто.

Околу една третина од лицата кои имаат шизофренија доживуваат само една или неколку кратки епизоди во животот.  Кај други, таа може да се повторува или да трае доживотно.

Во почеток, болеста може брзо да се развива со акутни симптоми кои се појавуваат во период од неколку недели, или таа може бавно да се развива, со месеци или дури со години.

Во почетокот на болеста, лицето често се повлекува од другите, станува депресивно, растроено, добива невообичеани идеи или претерано се плаши. Важно е овие рани знаци да се забележат за лицето да може навремено да се лекува.

Навременото препознавање и ефикасното навремено лекување се неопходни за здравјето во иднина на лицата кои имаат шизофренија.

Шизофренијата е опкружена со многу недоразбирања, кои придонесуваат кон јавното осудување, изолираност и дискриминација со кои може да се соочат лицата кои имаат шизофренија и нивните семејства и старатели.

Вообичаено се верува дека лицата кои имаат шизофренија се опасни.  Тие ретко се опасни, посебно кога соодветно се лекуваат и добиваат поддршка.  Многу ретко, мал број на лица кои имаат шизофренија може да станат агресивни при акутна нелекувана епизода на психоза, како резултат на нивните стравови или илузии.  Најчесто агресивното однесување го  насочуваат кон себе, при што ризикот од самоубиство може да биде голем.

Шизофренијата често погрешно се опишува како 'двојна личност'.  Ова не е вистина; лицата кои имаат шизофренија може да имаат илузии и нарушено чувство за реалноста, меѓутоа тие немаат повеќе личности.

Интелегентната способност кај лицата кои имаат шизофренија се движи во нормалните граници и тие не се ментално онеспособени, иако при акутна епизода, акутните симптоми на психоза може да ја попречуваат нивната способност за размислување.

# Кои се симптомите на шизофренија?

Главните симптоми на шизофренија вклучуваат:

- Илузии – лажни верувања дека се прогонувани, виновни или многу важни личности, или дека некој од надвор ги контролира. Лицата кои се болни од шизофренија може да опишуваат завери против нив или да мислат дека имаат посебни таленти или моќ.  Понекогаш тие се повлекуваат од луѓето или се сокриваат за да го избегнат замисленото прогонување.
- Халуцинации – најчесто вклучуваат слушање на гласови. Други, поретки доживувања може да вклучуваат гледање, чувствување, вкусување или мирисање на работи кои за лицето се многу реални, а кои всушност не постојат.
- Нарушување на мислата – при што може да биде тешко да се следи тоа што го зборуваат, без да постои некоја логична врска. Мислите и говорот може да бидат измешани и неповрзани.

Другите симптоми на шизофренија вклучуваат:

- Недостаток на енергија – при што ја губат способноста да се вклучат во секојдневните активности, на пример, за перење и готвење. Овој недостаток на енергија, мотивираност и инцијатива се дел од болеста, тоа не е мрзеливост.
- Тешкотии при размислувањето - тие може да влијаат на концентрацијата, памтењето и способноста на лицето за планирање и организирање.  Ова предизвикува да им биде потешко да расудуваат, комуницираат и да ги извршуваат секојдневните задачи.
- Отапени чувства – при што многу се намалува способноста за изразување на чувствата.  Ова често е придружено со несоодветно реагирање при среќни или тажни настани.
- Друштвено повлекување – може да го предизвикаат повеќе фактори, вклучувајќи го стравот дека некој ќе ги повреди, или страв да комуницираат со други луѓе затоа што ја изгубиле способноста да се социјализираат.
- Недостаток на проникливост – често лицата кои се болни од шизофренија не се свесни дека се болни затоа што некои од работите кои ги искусуваат, на пример, илузиите и халуцинациите, се многу реални. Ова може да биде многу вознемирувачко за семејството и негувателите.  Причината зошто лицата со шизофренија одбиваат да прифатат лекување кое може да им помогне може да биде тоа што не се доволно свесни за тоа. Несаканите последици при земањето некои лекарства исто така може да придонесат лицето да одбие да се лекува.

## Што предизвикува шизофренија?

Досега не е утврдено што предизвикува шизофренија, меѓутоа се покажало дека неколку фактори се поврзани со нејзината појава. Мажите и жените имаат подеднакви можности да заболат од оваа ментална болест во текот на животот, иако кај мажите таа се јавува порано.

## Генетски фактори

Во некои семејства, склоноста кон шизофренија може да биде наследна.  Од севкупното население само еден процент од луѓето заболуваат од болеста во текот на животот, меѓутоа ако еден родител има шизофренија, тогаш постои 10-процентна можност децата да заболат од болеста – и 90-процентна можност  воопшто да не заболат.

## Биохемиски фактори

Се верува дека одредени биохемиски супстанци во мозокот се вклучени во процесот на развивање шизофренија, посебно невротрансмитерот допамин.  Една од веројатните причини на оваа хемиска неурамнотеженост е генетската склоност на лицето кон болеста.  Исто така, кон нејзината појава може да придонесат компликации во текот на бременоста кои предизвикуваат структурално оштетување на мозокот.

## Односите во семејството

Не постојат докази со кои се подржува предлогот дека односите во семејството ја предизвикуваат болеста.  Меѓутоа, некои лица кои имаат шизофренија се чувствителни на било каква напнатост во семејството, која за нив може да се поврзе со повторливи епизоди.

## Напнатост

Добро познато е дека на почетокот на болеста често и претходат напнати ситуации.  Тие може да делуваат како настани кои ја забрзуваат појавата на болеста кај чувствителните лица.

Лицата кои се болни од шизофренија често стануваат вознемирени, раздразливи и тие не се во состојба да се концентрираат пред било кои акутни симптоми да станат очигледни.  Ова може да предизвика проблеми во работата или учењето и влошување на односите со други лица.  Често тогаш овие фактори се обвинуваат за појавата на болеста, кога всушност самата болест била причина за напнатата ситуација.  Затоа, не е секогаш јасно дали напнатоста е причината или последица од шизофренијата.

## Консумирање на алкохол и други видови дрога

Штетното користење на алкохол и други видови дрога, посебно користењето на канабис и амфетамини, може да предизвика психоза кај лицата кои се склони да заболат од шизофренија.  Иако користењето дрога не предизвикува шизофренија, тоа е тесно поврзано со повторувањето на болеста.

Веројатноста лицата кои се болни од шизофренија да користат алкохол и други видови дрога е поголема во однос на  севкупното население и тоа е штетно при лекувањето.

Се покажало дека значителен број од лицата кои имаат шизофренија пушат,  што придонесува кон слабо физичко здравје.

## Какво лекување може да се добие?

Најефикасното лекување на шизофренија вклучува земање лекарства, психолошка терапија и поддршка да се контролира

влијанието на болеста врз секојдневниот живот.

Важно е да се подучува за болеста и да се научи како ефикасно да се реагира кога ќе се појават знаци кои предупредуваат на епизода.

Развојот во областа на антипсихотички лекарства радикално го промени лекувањето на шизофренија.  Сега, повеќето луѓе можат да живеат во заедницата без да има потреба да престојуваат во болница.  Некои лица никогаш не престојуваат во болница и тие ја добиваат целата здравствена нега во заедницата.

Лекарствата делуваат на тој начин што ја поправаат хемиската неурамнотеженост во мозокот која е поврзана со болеста.  Поновите, меѓутоа добро проверени лекарства промовираат поцелосно заздравување и имаат помалку несакани последици.

Шизофренијата е болест, како и многу физички болести.  Исто како што инсулинот им нуди спас на лицата кои имаат шеќерна болест, антипсихотичките лекарства може да му понудат спас на лице кое е болно од шизофренија.  Исто како и при шеќерната болест, некои лица ќе треба постојано да примаат лекарства за да можат да ги контролираат симптомите и да спречат да се јавуваат повторни епизоди на психоза.

Заздравувањето може да го помогнат  измените во начинот на живеење, на пример, намалување на штетното користење на алкохол, други видови на дрога и други работи кои предизвикуваат епизоди на болеста.

Иако се уште не се знае лекот за шизофренија, редовните контакти со доктор или психијатар и по можност со мултидисциплинарна екипа (која може да ја сочинуваат медицински сестри за ментално здравје, социјални работници, ерготерапевти и психолози) може да им помогнат на луѓето да ги контролираат симптомите и да имаат исполнет и продуктивен живот.

Поддршката од колегите исто така може да биде вреден извор на поддршка, корисни информации и надеж..

Понекогаш, може да се корисни одредени терапии наменети за намалување на симптомите, на пример, на илузиите.  Исто така треба да посвети внимание на проблемите во врска со физичкото здравје.

Услугите и поддршката за рехабилитација на психијатриски онеспособени лица може да бидат од помош при проблеми во врска со работата, финасиските средства, домувањето, друштвените врски и осаменоста.

Семејствата и пријателите на лицата кои се болни од шизофренија често може да бидат збунети и вознемирени.  Поддршката и подучувањето, како и подоброто разбирање во заедницата, претставуваат важен дел од лекувањето.

## Каде можете да се обратите за помош

- Кај вашиот доктор од општа пракса.
- Во здравствениот центар во вашата заедница.
- Во центарот за ментално здравје во вашата заедница.

За информации во врска со услугите кои можат да се добијат, во локалниот телефонски именик најдете ги телефонските броеви на Службите во заедницата за помош и социјална грижа (Community Help and Welfare Services) и телефонските броеви на кои можете да се јавите во ургентни случаи 24 часа во денот.

Ако ви треба преведувач, телефонирајте во службата (TIS) на 131450.

За итна помош во врска со советување, телефонирајте на Lifeline на 13 11 14. На Lifeline исто така може да ви дадат контактни броеви, повеќе информации и помош.

Повеќе информации може да се добијат на:

www.mifa.org.au

www.ranzcp.org

www.sane.org

www.mmha.org.au

Insert your local details here

## За оваа брошура

Оваа брошура е дел од серијата на брошури за ментални болести кои ги финансира Австралиската влада во склоп на Националната стратегија за ментално здравје (National Mental Health Strategy).

Другите брошури во оваа серија се:

- *Што е ментална болест?*
- *Што е анксиозно растројство?*
- *Што е биполарно растројство на расположението?*
- *Што е депресивно растројство?*
- *Што е нарушување во исхраната?*
- *Што е растројство на личноста?*

За примероци на други јазици, телефонирајте во: Multicultural Mental Health Australia Телефон: (02) 9840 3333

www.mmha.org.au

Бесплатни примероци од сите брошури може да се добијат од Mental Health and Workforce Division of the Australian Government Department of Health and Ageing:

GPO Box 9848
CANBERRA ACT 2601

Телефон 1800 066 247

Факсимил 1800 634 400

www.health.gov.au/mentalhealth



Version 1 November 2007